# ГРАФОМЕТРИКС

Година 1, Број 3

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

## ФОКУС

- "Стандард и Пурс" го намалија кредитниот рејтинг на Македонија на ниво ББ- (претходно ББ). Ваквата промена се должи на помалку предвидливиот економски раст на Македонија и позицијата на фискалната политика.
- Според проекциите на Светска банка за инфраструктурни инвестиции до 2030 година, потребите за инвестиции во патишта, енергија и фиксна телефонија во Македонија се најголеми.
- Вкупните банкарски депозити во април бележат пад. Падот на депозитите на фирмите е поизразен и изнесува 10% на годишна основа. Тој е резултат на намалената ликвидност во економијата.
- Според податоците на Државниот завод за статистика:
  - Стапката на раст на бруто-домашниот производ (БДП) за првото тримесечје од 2013 година изнесува 2,9%.
  - Стапката на невработеност во Македонија, за прв пат по повеќе од 15 години, се намали под психолошката граница од 30% и изнезува 29.9% во првиот квартал од 2013 година.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси.

Ул. Железничка 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

# Графикони на месецот за Македонија




*Извор: Државен завод за статистика, пресметка на "Finance Think"*

Индустриското производство во април бележи пораст од 4% во споредба со истиот месец лани. Индустријата расте три месеци по ред, после пад во 16 последователни месеци.




*Извор: Монетарна статистика на НБРМ, пресметка на "Finance Think"*

Депозитите се главен извор на финансирање во банкарскиот систем, притоа населението е доминантен депонент.
Штедните депозити во денари се доминантни и кај двата сектори, население и фирми, иако оваа разлика е поизразена кај фирмите.

# Графикони на месецот за регионот и светот




*Извор: World Economic Outlook, пресметка на "Finance Think"*

Земјите од Централна Европа (ЦИЕ) во просек имаат двојно поголем БДП по глава на жител од земјите на Југоисточна Европа (ЈИЕ). Во групата на ЈИЕ, освен земјите кои се членки на Европска Унија (Хрватска, Бугарија и Романија), сите останати земји се под просекот. Македонските граѓани се помеѓу најсиромашните, а само Босанците и Албанците имаат полош стандард.




На графиконот се претставени клучните економски остварувања во 2012 година и проекциите за 2013 година, за најголемите економии вклучени во Г8 групата. Според показателот за БДП, САД е најголема економија во светот со БДП од над 15 трилиони американски долари.

Според показателот за биланс на тековната сметка, Германија, Јапонија и Русија се единствени кои имаат поголем извоз од увоз, при што остваруваат суфицит на нивното салдо.

Долгот на владата е најголем во Јапонија, со над 200 проценти од БДП. Но и покрај тоа, таа успеа да избегне должничка криза. Ова главно се должи на стабилно-ниската стапка на невработеност и финансирање на долгот од домашни инвеститори.

# Графикони на месецот за светот




Еврозоната тоне во својата најдолга рецесија откако се води евиденција од 1995 година. Од трите најголеми економии, најпогодена е Италија, со негативен БДП во пет последователни квартали.




Според анализата на Ана Витал, аналитичар за претприемништво, Македонија е една од топ дестинациите во светот кадешто се добива највисока вредност за вложените пари за започнување сопствен бизнис. Анализата е направена врз основа на три критериуми: трошоци за живот во земјата, пристап до брз и ефтин интернет, развиена инфрастуктура и „лесна“ визна политика.

# Инфографикон на месецот




Инфографиконот ги илустрира тешкотиите со кои се соочуваат анкетираните жени од Блискиот Исток и Северна Африка во пристапот до финансии. 67 проценти од испитаниците ги наведуваат високите каматни стапки како главна пречка. 70 проценти сметаат дека кредитните услови се премногу рестриктивни и не дозволуваат да се обезбеди потребното финансирање за раст. 71 процент од жените претприемачи сметаат дека банкарските службеници имаат недостаток од соодветно знаење и искуство за ефективно справување со клиенти од мали и средни претпријатија.